# FOREVER

MACEDONIA

Декември 2016 | Број 182





# Останете на курсот

**Се надевам дека и вие ги сакате луѓето со кои работите исто толку, колку и јас. Посакувам секој од вас да можеше од време на време да наминува тука во централната канцеларија на Форевер. Би се запознале со едни од најпрекрасните личности. Луѓе кои го посветуваат животот да ви служат и да ја претворат нашата компанија во неверојатно место во кое секој има можност да се надмине себе си. Една од најинтересните работи кои ги имам забележано, и тука се вклучувам и себе си, е како луѓето реагираат под притисок и кога работите не одат според планот.**

Еден од колегите во канцеларија бил извесно време во морнарица и пред неколку дена рече нешто што ме натера да се насмеам. Претходно не сум слушнал за тој израз и откако заедно се посмеавме, решивме да го провериме. Тој го употреби зборот „безветрие". Знам дека во моментов мнозина од вас се прашуваат каква е врската со традиционалната порака на крајот на годината и со мотивацијата да ја направиме 2017-та неверојатна година. Имајте трпение!

Научив дека морнарскиот живот понекогаш е толку монотон што се појавил специјален израз кој ги опишува часовите, деновите и седмиците во кои само се чека. Тој се користи со векови и не само за пловењето, туку и за моменти кога работите не се одвиваат точно така како што ние би сакале, со брзината со која очекуваме, или во насоката која ја претпочитаме. Такви периоди на стагнација се нарекуваат „безветрие" аналогно на областите околу екваторот, каде ветровите не дуваат.

Пред многу години, кога кораб со јарболи патувал на југ кон екваторот, обично се движел доста брзо, носен од ладните и свежи ветрови. Тоа било пријатно време за сите на бродот. Морнарите сè уште располагале со доволно свежа вода и храна. Ветрот го одржувал доброто расположение на сите, ги исполнувал со воодушевување и надеж дека патувањето ќе биде успешно. И тогаш во рок од неколку минути, ветрот стивнувал и коработ ненадејно застанувал.

Постепено температурата се зголемувала. Лулањето навамунатаму почнувало да предизвикува гадење и морнарите биле завладеани од непријатноста, фрустрациите и сомнежите на безветрието. Духот им се уривал. Возбудливото и забавно патување се претворало во жешко, задушливо и клаустрофобично чекање. Тоа можело да продолжи со денови, па дури и седмици, и оние кои го доживеале, верувале дека само провидението може да го прекине со повеј на ветрот, кој ќе ги придвижи обратно до пасатите.

Застојот создавал сериозни проблеми за капетаните на коработ, кои требало да ја одржат дисциплината и да ги одвлечат мислите на морнарите од носталгијата по домот. Капетаните имале две варијанти.

1. Сурова дисциплина и убиствени барања.
2. Строг режим и фокусирање врз поправање и на најмалите нешта.

Во вториот случај, целиот екипаж бил подложуван на затегнат режим. Секој морнар задолжително требало да е на должност по 12 часа на ден. Ја рибале секоја даска од палубата, го поправале секој шпил и платно. Секој подвижен дел се подмачкувал и одржувал во идеална исправност. Добрите капетани воведувале дури и период во седмицата, наречен „Поправи и закрпи", кога екипажот бил задолжен да го зашива дури и најситното распорено или скинато местенце на униформите.

Капетанот знаел дека и најмалиот шлиц ако не биде поправен навреме, ќе се претвори во огромна дупка и целата облека ќе треба да се исфрли. Идејата зад режимот била да го одржи екипажот сосредоточен и подготвен да реагира кога повторно ќе се појави ветар или пак непријателот, да не дозволи надворешниот застој да предизвика и внатрешен.

На морнарите им се чинело дека коработ е целосно неподвижен, но капетанот бил свесен. Знаел дека режимот ги учи на дисциплина, сила, сплотеност и братство. Знаел дека длабоко под површината една молчалива и невидлива сила бавно го движи коработ низ безветрието. Бидејќи не требало ветерот да го извлече коработ од мртвата зона, туку океанското течение тивко го влечело кон посреќни ширини.

Се надевам сега разбравте дека ова е нешто повеќе од лекција по историја за морепловството. Секој од вас е капетан на својот бизнис и сигурно сте имале слични чувства како првите морепловци. Сите сте летале напред со распнати од пасатите платна и што и да сте правеле било безгрешно – презентациите ви биле моќни, пребарувањата – плодни, а бодовите – зачудувачки.

Убеден сум дека исто така сте доаѓале и во безветрието на бизнисот, кога ви се чинело дека презентациите ви се неуспешни, пребарувањата – без резултат, а бодовите – сомнителни.

Па, што ќе правите како капетани на својот бизнис, ако ветерот во вашите платна привремено се смири? Може да го оставите вашиот дух да се срине и застојот да ве завладее или дури и да го напуштите коработ. Исто како поранешните морнари и вие треба да прибегнете до стриктниот режим на работа, да дејствувате методично и да станете специјалист во својот занает. Треба да се трудите да сте токму оној, кој треба да бидете. Дали се обучувате, зборувате ли со луѓето, споделувате ли производи, оптимистично ли гледате на работите? Дали напорно и паметно работите?

**Дури и во најзамрените и мрачни моменти во вашиот бизнис, вие всушност напредувате неверојатно многу. Течението длабоко под површината ве придвижува кон местото до кое треба да стигнете.**

Никогаш не заборавајте дека во Форевер секогаш напредуваме. Има моменти во кои тоа е потешко да се измери, но никогаш не престануваме да се движиме.

Пловете!

**Gregg Maughan**
**Претседател на Форевер Ливинг Продактс**

# Патот напред

**Секогаш кога седнувам да го напишам последното обраќање за годината, тешко ми е да не паднам во стапица да го претворам во список со постигнувањата и успесите од изминатите дванаесет месеци.**

2016-та беше одлична за нас и сите можеме да се гордееме што беше уште една година на раст во најразлични аспекти на бизнисот. Никогаш нема да го прифатиме успехот здраво за готово, знаеме колку многу работа и жртви се потребни за градење на вашата Форевер иднина и затоа сме благодарни на секој од вас.

Но сакам да одделам еден момент, за да ви ја претставам нашата визија за иднината, наместо да го славам минатото. Долго време сме во овој бизнис и низ годините сме сфатиле дека човек секогаш треба да биде буден и многу дисциплиниран во пораките  и да се фокусира ако сака да е во чекор со тековниот пазар, презаситен од конкуренција и премногу бучни одвлекувања на вниманието.

Апсолутно задолжително е да останеме верни на клучната порака. Форевер како компанија секогаш се стремела кон чистота и едноставност. Што значи тоа за вас? Дека ќе продолжите да гледате како работиме напорно за усовршување на производите преку осовременување и подобрување на нивните состојки. Ќе бидете сведоци и на уште важни инвестиции и иновации во производните процеси, во политиките и маркетинг планот, кои ќе го поедностават бизнисот и начинот на кој работите.

Во САД поминавме низ уникатен политички процес и бевме бомбардирани од медиумски и политички сурогати и нивните т.н „теми за разговор“ – список со однапред одредени клучни точки на кои кампањата се фокусира и кон кои се придржува. Затоа решив и јас да ви одземам минута, за да ги потсетам сите наши сопственици на Форевер бизнис и вработени кои се „темите за разговор“ на Форевер. Ги поделив во пет основни категории, пет уникатни плуса на нашата компанија, кои мислам дека ќе ви помогнат поефикасно да објаснувате кои сме ние.

1. Работиме од 1978 г. Не сме идеални, но знаеме како да постигнуваме успех и низ сите овие години сме докажале дека сме доволно дисциплинирани како компанија, за да донесуваме правилни одлуки.
2. Нашето алое е најдобро. Тоа е чисто, докажано и добро за вас. Го контролираме секој чекор од создавањето на производите и затоа знаеме точно колку алое има во секој од нив и колку е ефикасно.
3. Имаме целосно затворен циклус на производство. Толку веруваме во тоа што го правиме, што купивме и реинвестиравме во секоја алка од синџирот на снабдување, за да можеме да ги контролираме цената, квалитетот и достапноста. Ние ја поседуваме земјата на која расте нашето алое, а луѓето кои се грижат за него и го берат, работат за семејството на Форевер. Не продаваме производи произведени од некој друг врз кои сме ги залепиле своите етикети. Секој еден е целосно наш – од растението до производот и до вас.
4. Докажан маркетинг план. Нашиот план за наградување и премии го издржал тестот на времето во сите пазарни услови. Ние не експериментираме!
5. Докажано раководство. Нашите вработени во светот постојано покажуваат дека се мотивирани од долгорочната благосостојба на Форевер и сфаќаат дека нивниот успех зависи од нашата способност да создаваме профитабилна средина за секој сопственик на Форевер бизнис и секој клиент.

Се надевам дека ова ќе ви помогне да „разберете што мислам“. Толку многу се гордеам со секој од вас и за мене е особено возбудлив фактот што сме поврзани во заедничко градење на нешто многу посебно.

Ви посакувам прекрасен Божиќ и радосни празнични денови. Најдете време да се поврзете со саканите луѓе, и можеби дури и со оние кои не се толку омилени!

Засекогаш Ваш,

**Rex Maughan**



# Новини во Деловната политика




**Дали сте во брак? За поединци кои се во брак, процесот за станување сопственик на Форевер бизнис го направивме малку поедноставен. Ако вашиот брачен другар сака да создаде свој Форевер бизнис, тој / таа може или да се регистрира со спонзорирање директно под вас или директно под вашиот спонзор. Пренесете го ова на вашата мрежа и новите членови на тимот, и проверете ја ажурираната Деловна политика на компанијата на: www.foreverliving.com. Повеќе информации наскоро.**

**14.01** (а) Постоечки сопственик на Форевер бизнис може да се ре-спонзорира под друг спонзор под услов во последните 24 месеци тој/таа да:

1) бил сопственик на Форевер бизнис, и

2) не купил или добил ФЛП производи, било од компанијата или од некој друг извор, и

3) не добил било каква исплата од друг сопственик на Форевер бизнис, и

4) нема спонзорирано друго лице во ФЛП бизнисот.

(б) Сопственик на Форевер бизнис кој се ре-спонзорира мора да потпише и завери на Нотар изјава под морална и кривична одговорност, во однос на горенаведената политика, пред да се дозволи ре-спонзорирањето.

(в) Ако брачниот другар на законски венчаниот сопственик на Форевер бизнис кој не се ре-спонзорира сака да создаде негов сопствен Форевер бизнис, тој / таа мора да го стори тоа преку спонзорирање директно под неговиот / нејзиниот брачен другар или директно под спонзорот на брачниот партнер, без да мора да ги исполни барањата наведени во параграфите (а) и (б) од оваа точка.

**17.01** Кој може да стане сопственик на Форевер бизнис

(а) Врската помеѓу сопственикот на Форевер бизнис и Форевер Ливинг Продактс има договорен карактер. Само возрасни, со наполнети 18 години или постари, може да склучат Договор со Форевер Ливинг Продактс и да бидат сопственици на Форевер бизнис.

(б) Форевер бизнис се состои од лицето кое е наведено во формуларот за регистрација на сопствен Форевер бизнис во евиденцијата на Матичната канцеларија.

(в) Ако брачниот другар на законски венчаниот сопственик на Форевер бизнис сака да создаде негов сопствен Форевер бизнис, тој / таа мора да го стори тоа преку спонзорирање директно под неговиот / нејзиниот брачен другар или директно под спонзорот на брачниот партнер.



# Се гордееме со вас!

Почитувани сопственици на Форевер бизнис, драги пријатели,

Во пресрет на Новогодишните и Божиќните празници би сакале уште еднаш  да ви кажеме колку сме среќни што имаме привилегија да бидеме со сите вас по патот кон промената на вашиот живот кон подобро и исполнувањето на вашите соништа!

Рекс и Форевер нѝ овозможуваат одлични производи со кои може да изгледаме и да се чувствуваме подобро, како и најдобрата можност за градење на сопствен бизнис. Но вие сте луѓето кои секојдневно, последователно, беспрекорно и храбро чекорат кон новата иднина, совладувајќи ги предизвиците со кои многу други не можат да се справат. Бидејќи вие сте свесни дека ако сакате да ви се случи нешто различно во животот, треба да сте подготовени да правите активности кои другите не ги сакаат.

Секојдневните контакти со луѓе, јавувањата, поканите, патувањата, средбите и презентациите се само врв на ледениот брег. Под него се кријат одлучност и подготвеност да направите СЕ ШТО Е ПОТРЕБНО, за да успеете и да почнете да живеете така, како што сакате и заслужувате. Такви сте вие – сопствениците на Форевер бизнис, и ние се гордееме со вас! Одлично знаете дека иако Божиќ и Нова година се прекрасни празници за секој човек и секое семејство, всушност чудата не се случуваат точно тогаш, туку во многубројните денови на напорен труд пред и по нив.

Забавувајте се овие денови. Вие тоа го заслужувате. Но и не заборавајте дека празниците ви даваат можност која не треба да ја пропуштите. Израдувајте сè себе си, луѓето околу вас, како и вашите клиенти со подароци од вашиот бизнис. Тоа не само што ќе ги направи среќни, ќе им помогне и да изгледаат и да се чувствуваат уште подобро во празничните денови, и долго потоа. А на вас ќе ви помогне да го развиете сопствениот бизнис и да искачите уште едно скалило кон висините во бескрајните можности со Форевер. Продолжете смело да мечтаете и да ги остварувате своите планови!

Од свое име, од името на Централната канцеларија на Форевер Ливинг Продактс, како и од името на сите неуморни вработени на компанијата во Бугарија и Македонија ви посакуваме среќна Нова Година и Божиќ!

Со љубов и секогаш со Вас,

**Стефан и Тања Стаеви**
и целиот тим на Форевер
во Бугарија и Македонија

# Подарете со љубов-подарете Форевер




**Кој подарок ќе го изберете оваа Нова Година? Сите сакаат да добиваат подароци за време на Новогодишните празници. Дајте им причина плус да ги сакаат уште повеќе нашите производи со овие мали подароци, толку примамливи што можеби ќе сакате да ги задржите за себе.**

## *Aloe Lips*

Корисен стик со идеална џебна големина кој хидратира и регенерира суви и испукани усни. Одличен е и како прва помош при лесни кожни надразнувања, а благодарение на својата компактна големина, може да биде насекаде со вас.

Код: 022

## *Aloe Nourishing Serum*

Серумот со алое и бел чај ја негува, штити и надополнува влажноста на кожата. Добро се справува во борбата против знаците на стареење.

Код: 281

## *Aloe Deep Moisturizing Cream*

Крем за длабока хидратација кој содржи екстракт од борова кора. Овој навлажнувачки крем ја задоволува жедта на вашата кожа за влага. Обновете го младешкиот сјај со моќните антиоксиданти кои ги содржи екстрактот од кора од бор.

Код: 311

## *Forever Marine Mask*

Маска со навлажнувачките и регенеративни својства на алое вера, мед и екстракт од краставица. Маската за лице со морски екстракти прави длабинско чистење, воедно ја балансира текстурата на кожата со природните морски минерали.

Код: 234

## *25th Edition Cologne for Men*

Извонредно чувство со освежувачка мешавина од овошни ароми, ноти од растенија и дрвја, идеален за секој елегантен и софистициран маж.

Код: 209

## *25th Edition Eau de Parfume for Women*

Свеж цветен бел букет, во кој има додадено фини листови со топла, чувствителна арома од дрвја, за да се создаде нежен, длабок и женствен мирис.

Код: 208

## *Gentleman's Pride*

Нежен, кадифен балсам со свеж, суптилен мирис кој прави совршена заштита во текот на целиот ден. За младешки изглед на кожата.

Код: 70

## *Alpha-E Factor*

Комбинација од моќни антиоксиданти, соодветен и за најчувствителната кожа.

Код: 187

## *Relaxation Shower Gel*

Овој релаксирачки гел нежно ја чисти кожата и ви дава чувство на свежина преку целиот ден. Формула која соджи алое вера, етерични масла и овошни екстракти.

Код: 287

## *Relaxation Massage Lotion*

Искусете ги смирувачките благодети од алое вера на вашата кожа. Лосионот за масажа е совршен крај на вашиот напорен ден!

Код: 288



# Бизнис предизвик

## Заработете викенд во Маврово (24-26 март 2017) и маркетинг обука

**Квалификационен период: декември 2016 -февруари 2017**



### За Новус клиенти и Асистент Супервизори

- направете порачки на личен код од најмалку 1 бод месечно во периодот на квалификација
- спонзорирајте и развијте 3 нови Асистент Супервизори во периодот декември-февруари

Доколку имате вкупно 10 бода (вашите лични бодови и бодовите од новите Ас.Супервизори) ќе добиете викенд за едно лице, а во случај вашите вкупни бодови да бидат 15- добивате викенд за две лица.

### За Менаџери

- бидете активни (4 бода) секој од месеците на квалификација
- спонзорирајте и развијте 3 нови Асистент Супервизори во периодот декември-февруари

Доколку имате вкупно 20 бода (вашите лични бодови и бодовите од новите Ас.Супервизори) ќе добиете викенд за едно лице, а во случај вашите вкупни бодови да бидат 25- добивате викенд за две лица.

### За Супервизори и Асистент Менаџери

- бидете активни (4 бода) секој од месеците на квалификација
- спонзорирајте и развијте 3 нови Асистент Супервизори во периодот декември-февруари

Доколку имате вкупно 15 бода (вашите лични бодови и бодовите од новите Ас.Супервизори) ќе добиете викенд за едно лице, а во случај вашите вкупни бодови да бидат 20 - добивате викенд за две лица.

Патувањето вклучува две ноќевања (полупансиони) во период од 24 до 26 март во хотел Бистра во Маврово и присуство на Маркетинг обука. Наградата не може да се пренесе на друго лице.
За подетални информации обратете се на 02 2465846 или на flp@t-home.mk



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА 2016 ГОДИНА

**Клуб 4 бода – ниво 1**

Снежана Манасијевиќ

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

Александрова Кирова Александра – Гевгелија
Аранѓеловиќ Дејан – Лесковац
Делова Елена – Скопје
Додевска Наташа – Куманово
Ѓорѓевиќ Росица – Куманово
Ѓорѓевиќ Миле - Власе
Јовановска Марика – Скопје
Костадиновска Светлана – Скопје
Манчиќ Снежана – Куманово
Марковиќ Петар – Скопје
Марковска Милена – Велес
Миленковиќ Весна – Врањска Бања
Младеновска Доротеа – Скопје
Мучева Катица – Неготино
Периќ Марко – Лесковац
Симоновиќ Андрејка – Куманово
Симуноска Елена – Тетово
Спасиќ Цветановиќ Слаѓана – Лесковац
Стафаи Сузана – Гостивар
Тасковска Младеновска Елизабета – Скопје
Томиќ Владан – Врање
Трајчевска Марија – Виница

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Др.Снежана Контра
3. Жарко Георгиевски
4. Славица Донакова
5. Слафко Михајловски
6. Катерина Трајчевска
7. Блага Крстеска
8. Вера Златковска
9. Снежана Манасијевиќ
10. Др.Гордана Николиќ

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Жарко Георгиевски
3. Др.Снежана Контра
4. Славица Донакова
5. Вера Златковска
6. Др.Гордана Николиќ
7. Снежана Манасијевиќ
8. Доне Ѓорѓиев
9. Катерина Трајчевска
10. Слафко Михајловски

## SUCCESS DAY 22.01.2017

**Holiday Inn, 12 часот**

Влезници може да се подигнат од Форевер

Лотаријата ќе се извлекува за време на SUCCESS DAY и само уредно приложени купони ќе бидат добитни.

**Форевер забава**

Ресторан Имес, 16 часот

Мени: 650 ден.

## НАЈНОВИОТ КАТАЛОГ на Форевер




**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.